Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (“Службен весник на Република Македонија“ број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), член 21 став 2 и член 22 став 2 од Законот за средното образование (“Службен весник на Република Македонија“ број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12 и 100/12) и член 7 алинеја 5 од Законот за стручно образование и обука (“Службен весник на Република Македонија“ број 71/06, 117/08, 148/09 и 17/11), министерот за образование и наука донесе наставна програма по **проектирање на ентериер и мебел** за **II година** градежно-геодетска струка – образовен профил техничар дизајнер за внатрешна архитектура за учениците во средното стручно образование.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**


**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# ПРОЕКТИРАЊЕ НА ЕНТЕРИЕР И МЕБЕЛ

**II ГОДИНА**

## ГРАДЕЖНО-ГЕОДЕТСКА СТРУКА

***Техничар дизајнер за внатрешна архитектура***


**Скопје, 2012 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИСКИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** ПРОЕКТИРАЊЕ НА ЕНТЕРИЕР И МЕБЕЛ

**1.2. Образовен профил и струка**

1.2.1. Образовен профил: техничар дизајнер за внатрешна архитектура

1.2.2. Струка: градежно-геодетска

**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**

1.3.1. Стручно образование: предмет карактеристичен за образовниот профил

**1.4. Година на изучување на наставниот предмет**

1.4.1. Втора година

**1.5. Број на часови на наставниот предмет**

1.5.1. Број на часови неделно: 2 часа

1.5.2. Број на часови годишно: 72 часа

**1.6. Статус на наставниот предмет**

1.6.1. Задолжителен предмет

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

Со совладувањето на наставната програма по предмет ***проектирање на ентериер и мебел*** ученикот стекнува знаења и вештини и се оспособува:

- да ги применува мерките на човекот во проектирањето на мебел и димензионирање на просторот;
- да ги познава структурните елементи на просторот;
- да го применува проектанскиот модул;
- да ги применува правилата за проектирање на мебел;
- да ги познава карактеристикте на мебелот за седење;
- да ги познава карактеристиките на мебелот со работни површини;
- да ги разликува карактеристиките на  мебел за одмор и мебел за спиење;
- да ги истакнува карактеристиките на мебелот за одлагање;
- да ја објаснува просторната организација на живеалиштето;
- да ги разработува и графички ги претставува функционалните единици во станот;
- да развива вештини за графичка презентација на проекти според соодветни стандарди;
- да стекнува навики и вештини за уредност, прецизност, систематичност;
- да развива навики за негување на естетските облици;
- да развива способности за креативност, флексибилност и подготвеност за соработка.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За усвојување на програмските содржини и успешно следење на наставата по ***проектирање на ентериер и мебел*** учениците треба да имаат претходно знаење од предметите од прва година: ***основи на градежништвото и геодезијата, техничкото цртање со компјутерска комуникација и нацртна геометрија.***

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структурирање на содржините за учење

| Тематска целина | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. ЧОВЕКОТ КАКО ОСНОВНА МЕРКА ВО ПРОЕКТИРАЊЕТО** | **10** | **Ученикот:**<br>- да го дефинира поимот простор;<br>- да го познава процесот на проектирање;<br>- да го сфаќа значењето на димензиите на човекот како услов за проектирање на мебел и димензионирање на просторот;<br>- да ја објаснува корелацијата помеѓу димензиите на човекот и предметите од неговата околина. | - Презентирање на примери од простор и проектирање;<br>- објаснување на корелацијата помеѓу димензиите на човекот и предметите од неговата околина;<br>- задавање, прегледување и оценување на графички вежби. | - Нацртна геометрија;<br>- Цртање и сликање;<br>- Материјали и конструкции. |
| **2. ПРОЕКТИРАЊЕ НА ЕЛЕМЕНТИ ОД МЕБЕЛ** | **26** | - Да утврдува димензии на мебел во фаза на проектирање со примена на златниот пресек;<br>- да разликува симетрија од асиметрија во проектирањето на елементи од мебел: елементи за седење, одмор, спиење, одлагање и елементи со работни површини;<br>- да го сфаќа значењето на стандардите во проектирањето на мебел;<br>- да применува стандарди во проектирање на мебел;<br>- да ги познава видовите на | - Користење на графички помагала и визуелно презентирање на проектирање на елементи од мебел;<br>- демонстрирање на златниот пресек;<br>- увежбување на примена на принципите на златниот пресек преку конкретни вежби;<br>- демонстрирање на примена на стандарди;<br>- демонстрирање на слики, | - Нацртна геометрија;<br>- Цртање и сликање;<br>- Материјали и конструкции. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | елементи за седење;<br>- да ги познава стандардните димензии на елементите за сењеде;<br>- да изработува идеен проект за елемент за седење;<br>- да ги познава видовите на елементи за одмор и спиење;<br>- да ги познава димензиите на елементите за одмор и спиење според утврдени стандарди;<br>- да изработува идеен проект за елементи за одмор и спиење;<br>- да ги разликува видовите на елементите за одлагање;<br>- да ги познава димензиите на елементите за одлагање според утврдени стандарди;<br>- да изработува идеен проект за елементи за одлагање;<br>- да ги познава видовите на елементите со работна површина;<br>- да ги познава димензиите на елементите според утврдени стандарди;<br>- да изработува идеен проект за елемент со работна површина. | проспекти и модели од елементи за седење;<br>- демонстрирање на слики, проспекти и модели од елементи за одмор и спиење;<br>- демонстрирање на слики, проспекти и модели од елементи за одлагање;<br>- демонстрирање на слики, проспекти и модели од елементи со работна површина;<br>- дискутирање за дизајн со визуелни презентации;<br>- воведување во проектирањето;<br>- задавање, прегледување и оценување на графички вежби од секоја група на елементи од мебел (4 графички вежби);<br>- организирање посета на саем, салони за мебел и производни погони. | |
| **3. ПРОСТОРНА И ФУНКЦИОНАЛНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА СТАНОТ** | **8** | - Да ја објаснува примената на проектанскиот модул;<br>- да ги набројува структурните елементи на просторот (прозорци, врати, ѕидови, подови и плафони); | - Презентирање на примери од просторна и функционална организација на станот;<br>- објаснување за примена | - Нацртна геометрија;<br>- Цртање и сликање;<br>- Материјали и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да ја објаснува хоризонталната и вертикалната организација на просторот;<br>- да ја сфаќа улогата на хоризонталната и вертикалната организација на просторот во создавањето на здрави, функционални (употребливи) и естетски простори;<br>- да ја претставува графички хоризонталната и вертикалната организација на просторот. | на проектантски модул;<br>- користење на списанија и компјутер за претставување на хоризонтална и вертикална организација на простор;<br>- задавање, прегледување и оценување на графички вежби за просторна и функционална организација на станот. | конструкции. |
| **4. ФУНКЦИОНАЛНИ ЕДИНИЦИ ВО СТАНОТ** | **28** | - Да ги објаснува основните функции на домувањето, нивната просторна и функци-онална поврзаност;<br>- да ја опишува диспозицијата на пооделните функционални групи во станот и нивната програмска содржина;<br>- да ја познава технологијата на користење на пооделните простории и нивната големина (организацијата со мебел);<br>- да ја толкува поврзаноста со другите простории и отворени површини;<br>- да ја опишува диспозицијата на водените јазли;<br>- да ја објаснува улогата и значењето на светлечките и | - Презентирање на примери од функционални единици во станот;<br>- организирање посета на проектанска организација;<br>- користење на списанија, готови, цртежи и проекти;<br>- објаснување за улогата и значењето на светлечките и грејните тела во станот;<br>- презентирање на примери од различен ентериер: простории за престој, простории за индивидуален престој и спиење, простории за | - Нацртна геометрија;<br>- Цртање и сликање;<br>- Материјали и конструкции. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | грејните тела во станот;<br>- да разликува ентериер на:<br>▪ простории за престој (дневни активности);<br>▪ простории за индивидуален престој и спиење (спални соби, бањи и гардероби);<br>▪ простории за домаќинство: (кујна, остава, утилити);<br>▪ простории за движење (претсобје, ходници, дегажмани);<br>▪ отворени простори (тераси, лоѓии и балкони);<br>- да ја истакнува употребливоста и естетиката на просторот. | домаќинство, простории за движење и отворени простори;<br>- задавање, прегледување и оценување на графички вежби од секоја група на простории (три графички вежби). | |

### 4.2. Наставни методи и активности на учење

Програмските цели по предметот ***проектирање на ентериер и мебел*** се реализираат преку предавања, демонстрации, дискусии и изработка на графички вежби. При реализацијата се применуваат разновидни наставни методи и форми: покажување, објаснување, опишување, дискусија, практична работа и работа во групи, парови и индивидуално.

Активности на ученикот са: активно следи, перципира, критички согледува и креативно размислува, дискутира, графички презентира, естетски вреднува, тимски соработува и создава навики за континуирано следење на трендовите во областа на уредување на ентериерот и проектирање на мебелот во идното практикување на предметот.

Во наставниот процес наставникот ја планира, организира и реализира својата воспитно-образовна работа, а притоа преку усни излагања, објаснувања, демонстрирања, проверувања и оценувања на постигањата на учениците, ги остварува целите на овој предмет со што ги поттикнува учениците на когнитивно, психомоторно и афективно однесување.

### 4.3. Организација и реализација на наставниот предмет

Наставата по предметот ***проектирање на ентериер и мебел*** се остварува преку стручно-теоретски предавања и вежби кои треба да се реализираат во специјализирана училница - кабинет, во која секој ученик има своја маса за цртање. Наставата и графичките вежби се реализираат преку блок - часови. Проширените знаења од предметот ќе се стекнуваат со посета на саеми за мебел, продажни салони за мебел и реномирани проектантски бироа и производни претпријатија.

### 4.4. Наставни средства и помагала

Во наставниот процес треба да се користат разновидни наставни средства и помагала: слики, цртежи, филмови, телевизиски снимки, графоскоп, персонален компјутер, Интернет, текст, стручно-научни списанија, публикации, рекламен материјал. Секој ученик треба да поседува личен технички прибор за графичко презентирање.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Следењето и оценувањето на постигнувањата на учениците треба да се врши плански, систематски и континуирано во текот на учебната година. Тоа се остварува во соработка со сите ученици преку разновидни форми и постапки: усни проверки, писмени задачи, тестови, оценување на практичните способности, вештини и креативност на учениците при изведување на графичките вежби, преку изготвување писмени извештаи, ученички проекти и сл.

Во текот на учебната година, знаењата на ученикот се оценуваат најмалку двапати во едно полугодие, а се утврдуваат полугодишни и годишни оценки.

Доколку ученикот не постигне резултати во реализирањето на конкретните цели на програмата, се постапува согласно со законската регулатива за средно образование.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по наставниот предмет ***проектирање на ентериер и мебел*** треба да поседуваат лични, професионални и педагошки карактеристики, да е психофизички здрав, да е комуникативен и отворен за соработка, да поседува високи етички вредности, да го применува литературниот јазик и писмото на кој ја изведува наставата, да стекнал соодветно стручно образование, со и без работно искуство, да ја сака наставничката професија, да е добар организатор, креативен и способен за иновации во наставната технологија, да е оспособен за работа на компјутер и користење на аудио-визуелна опрема и постојано стручно и професионално да се самообразува во струката и во педагошката област.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Наставата по наставниот предмет ***проектирање на ентериер и мебел*** ќе ја реализираат кадри со завршени студии по:

- архитектура и
- дрвна индустрија (проектирање и технологија на мебел и ентериер)

Наставниците треба да имаат педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит, согласно со Законот за средно образование.

### 6.3. Стандард за простор

Соодветно на карактерот на програмските содржини и целите што треба да се постигнат со наставата по предметот ***проектирање на ентериер и мебел,*** наставата треба да се реализира во специјализирана училница, опремена со маси за цртање и потребни наставни средства и помагала. Училницата теба да ги задоволува стандардите за квадратура на училница, да има природно осветлување и инсолација и соодветно вештачко осветлување за изведување на ваков тип на настава.

## 7. ДАТУМ И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка:** јуни 2012 година

**7.2. Состав на работната група за изработка:**

1. Бранко Алексовски, советник по градежно-геодеска група предмети во ЦСОО – Скопје, координатор
2. Проф. д-р Владимир Каранаков, Факултет за дизајн и технологија на мебел и ентериер - Скопје
3. Весна Трпковска, дипл.инж.арх. наставник, СГГУГС „Здравко Цветковски“ - Скопје
4. Ивана Николовска, дипл. инж. арх. „В дизајн - Ајде дома Дооел“ - Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01. 09. 2012 година

Одобрил:
Зеќир Зеќири, директор

## 9. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***проектирање на ентериер и мебел*** за **II година** градежно-геодетска струка – образовен профил техничар дизајнер за внатрешна архитектура за учениците во средното стручно образование, на предлог на Центарот за стручно образование и обука ја донесе **бр. 11-6024/8**

Министер,

на ден, 03.10. 2012
Скопје

____________________________
м-р Панче Кралев